**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА**
**Број 10-4334/1**
**10 октомври 2007 година**
**Скопје**

**ДО** ________________________________

Врз основа на член 116 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ја свикувам **33-та седница на Законодавно-правната комисија во функција на 76-та седница на Собранието на Република Македонија, за 16 и 17 октомври (вторник и среда) 2007 година, со почеток во 9,30 часот, во сала 81** со следниот Предлог на

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на записникот од 32-та седница на Комисијата

**На седницата закажана за 16 октомври (вторник) 2007 година, со почеток во 9,30 часот, во сала 81 ќе се разгледуваат следниве точки:**

1. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на Закон за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување закон за прогласување на дел од планината Пелистер за национален парк, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција;

9. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување закон за дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, со Предлог на закон.

**На продолжението на седницата закажана за 17 октомври (Среда) 2007 година со почеток во 9,30 часот, во сала 81, ќе се разгледуваат следниве точки:**

13. Предлог на закон за земјоделство и рурален развој;

14. Предлог на закон за земјоделско земјиште;

15. Предлог за донесување закон за престанување на примената на Законот за определување на градежното земјиште во градовите од градски карактер, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување закон за престанување на примената на Законот за повластиците на младината и децата во патничкиот сообраќај, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување закон за престанување на важење на Законот за определување повластици во јавниот патнички сообраќај, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување закон за престанување на важење на Законот за градежната инспекција, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување закон за престанување на примена на Законот за единствена евиденција на просторните единици, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување закон за градежно земјиште, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за градење, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување закон за престанување на важењето на Законот за учество на Социјалистичка Република Македонија во финансирањето на штедењето, супституцијата и рационалното користење на сите видови на енергија, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување закон за престанување на примена на Законот за одговорност од нуклеарни штети, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување закон за престанување на примената на Законот за компензација, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување закон за електронска трговија, со Предлог на закон и

26. Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон.

Материјалот по точките од Предлогот на дневниот ред Ви се доставени со претходни пратки, а записникот од 32-та седница на Комисијата Ви се доставува во прилог.

**Во случај на спреченост на членот на Комисијата за присуство на седницата, потребно е навреме да се извести претседателот на Комисијата и да се определи заменик од редот на замениците членови на оваа Комисија.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА**
**КОМИСИЈА,**
Благородна Дулиќ, с.р.

Подготвил: Сања Богатиновска
Контролирал: Марија Алексовска
Одобрил: Маја Ермилова Левкова

Поканети претставници за 33-та седница на Законодавно-правната комисија закажана за 16 и 17октомври 2007 година

1. Влада на РМ;
2. Министерство за труд и социјална политика;
3. Министерство за здравство;
4. Министерство за правда;
5. Министерство за надворешни работи;
6. Министерство за култура;
7. Министерство за животна средина и просторно планирање;
8. Министерство за внатрешни работи;
9. Министерство за одбрана;
10. Министерство за финансии;
11. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
12. Министерство за транспорт и врски и
13. Министерство за економија.